ristovski.ch



во виното е вистината, а во ракијата глупостите

• home
• photos
• info
• link

2014
2013
2012

31.12.2015

- Господ да ни даде здравје на сите.
- Секој да биде порадостен.
- Да редиме само успеси.
- Да шо повеќе желби и соништа си ги оствариме.
- Да ни се врати мирот и спокојството.
- ...

... и уште ногу убави работи ќе си посакаме и ќе им посакаме на нашите блиски и сакани луѓе.
Секоја Божја т.е. на крајот од секоја и почетокот на Новата година си посакуваме и човек ако е реален ногу од тие работи и ни се остваруваат.
Еве на пример, ако завртите до крајот на страницава ќе видите/прочитате дека сум си посакал за ваа година:
»- На Македонската телевзија да им се расипе видеото на тоа шо ги вртат ниа старите снимки«
и оно, не само видеото шо им се расипа, дури и предавателот за Европа цркна. НЕМА програма.

Како и да е, човек т.е. јас, неможам да се пожалам од годината 2015 после Христос. Здравјето како мене така и најблиските не држеше, без големи стресови ја поминаме годината и срекни си беме.
Јас ќе ја памтам по мојата прва изложба на фотографии во сепарацијата во која работам (FotoWERK), по долгото и топло лето кое ми пружи многу убави денови за возење со моторите, по експериментот "Тиквешки гроздобер" кој ни овозможи да ја прошетаме Швајцарија над'го и нашироко,

Година ќе ја паметам и по:
» "Во Општинското основно училиште „Тоде Хаџи-Тефов" во Кавадарци предадена во употреба металната ограда изградена со помош на УСАИД и општината Кавадарци"

» по бомбите од кои ни Б-то не испука.

» по наивноста на некои кои и тоа малку "Гроздобер" го заебаа.

» и по ногуте човечки трагедии, јас не паметам да во една година толку човеци изгинале во природни непогоди, во сообраќајни несреќи, во ситуации кој здрав човечки разум неможе да ги сфати...

Сите фотографии и содржини на овие страници се во моја сопственост. Секое неовластено и непријателско користење на истите е со клетва заштитено ! ! !

ristovski.ch ©2015



Баар, Кантон Цуг, 30 декември 2015

Ама и покрај тоа, со замисли и со најубави желби за во иднина ќе ја почниме најновата година. Така и јас, имам неколку неостварени планови кои сакам да ги почнам некогаш и мислам дека почеток на една нова година е убав повод да се почнат некои работи.
Ќе треба да и завршиме некои работи кои се почнати, и ќе работиме на мирот во Светот.

Планирам, или поубаво кажано, имам на ум, да ги освежам т.е. да ги "дотерам" виа интернет страните шо ете си се мои и кои некако опстануваат со години (ristovski.ch ; foto-gogo.ch ; makedonium.ch ; kavadarci.info ), ќе треба да се направе и една изложба на фотографии, и сето тоа бара време... време.

Ама каа шо викаше дедо Мане, »денови ѓоа плева баго мајката« ќе се организираме и ќе си го направиме најубавото и најинтересното.

Ќе се надевам дека човеците почесто ќе го влечат штекорот на компјутерот и уште почесто ќе се замешат во реалниот Свет.

Дека ќе нема спас од политички наелектризираните медиуми - ќе нема. Но лекот за тоа е пронајден, вади штекери и батерии и пушти се во околината, можеби ќе сретниме реални човеци и реална слика.

---

11.12.2015

Време за "грижа на совеста"

Декември, последниот месец од годината. Месецот пред Божиќните, Новогодишните и Божиќните празници. Месец кој нè праве депресивни и растревожени. Како шо во пролет идат ластовичките, така во декември идат просјачките писма. Де за ваа "добротворна организација", де за "осакатени животни", де за "тиа неписмени", па за "научни истражувања" па за ... крај нема.
Убаво е човек д помогне, ама како бе? Сега у декември? Еве јас имам 100. За станот давам 30, за разноразни осигурувања пак 30. За даноци 20. Па требе да оставиш нешто за јадење, пиење, за млеко леб, за гаќи и чарапи и ОП! останеале 4.
И сега јас тиа 4 на кој да ги поклонам или да испаднам една вечер у месецот и да се напијам две - три пива???

А дека сета ни е забегана гледам и од медиумите. Поготово виа "електронските".
Ете отвараш, било која страна, и шо гледаш? Во ист "кадар" ти паѓат фотографии од бегалци, кои по незнам која логика азил бараат преку 7 морња, 7 планини и 7 држави. Под "тажната" слика на бегалците гледаш разголени, некогашни (истрошени!) телевизиски лица и "Б" проминентни личности кои како ниа првите шо се фаќат на сè само да не се удават, се фаќат за некоја банкнота и надеж дека преку "Џунгел кампот" ќе си ја повратат изгубената и избледена слава повторно. Тука, на таа една страна обавезно ќе видиш и некој политичар шо лаже повеќе и од Дедо Мраз.
Тука, во безкраните длабочини на интернетот, ќе дознаиш дека додека некој нема ни за корка леб, некој лигавеш некаде се расфрла со пари за своето милениче, па макар било тоа и од женски род. Ќе разбериш и како многу паметните менаџери си делат "Бонуси" за сработеното ваа година, у милионски цифри. И после јас треба да помагам за сакатите магариња у Авганистан??? Абе бегај таму!

И така јас се надевам дека ќе помине и виа декември како и безброј досегашни. И дека во јануари (кога сè ќе биде намалено ☺) ќе остане некоја паричка да си купам ако ништо друго, барем еден убав статив за моите фотокамери... Дека Новата година ќе ни донесе нешто ново - сумњам. Ми останува да се надевам дека нема да биде полоша од ваа година.
А и таа илузијата дека од "први први" сè ќе биде поарно, одамна ја разбрав дека е само трик на Кока Кола за да можат тиа нивниот камион шо свете ѓоа грчка сканија го извозат, и уште еднаш повеќе у нашта подсвест ни вметнат

мнение дека амириканците сè имат измислено ( или барем од сè кајмакот го собират).



Пред некој ден се прошетав до Милано, во "Белла Италиа". Се качиме на една црквичка која е направена стварно од мермер. Не како зданијата низ Скопјето кои ги унакажаа со фасади од малтер кој "изгледа како мермер, ама не е мермер".
И кога човек тоа ќе го виде, ќе му стане јасно на кое ниво работат политичарите (кои само изгледаат дека се политичари, ама не се политичари) и шо прават од нашата држава шо само изгледа дека е д ....

---

**- јас мислам дека виа инжињерите шо конструират коли мислат вака:**
**» ај сеа ќе направиме една најубава кола. супер дизајн, со сите салтанати, клима уреди, стакла, се на дугме. АМА! фаровите ќе ги направиме ептен убави и ќе ги барикадираме од сите страни да тиа шо мења ламбички цело време не пцуе!!! «**

---

**- изгледа освен за мртвите и за бившите министри не се лафе лошо ...**

---

30.11.2015

29ти ноември

Денот на републиката?
Денот на заклетвите?
Последниот ден на ногу свињи?
Прв ден од почетокот на
...

Помина, 29ти ноември помина. На "социјалните мрежи" се испукаме и се изнажалиме за социјалистичкото време. Сеќавања на едно "убаво" време беа главна тема помеѓу човеците шо го користиме воа капиталистичкото фацебук.
И пак ми се врати наа мисла, зоште жалиме за некое време поминато, ќе се врате ли ако жалиме? До кога бе ќе живееме за спомените? Абе шо не заборавиме шо било се завртиме напред и почниме да си подготвуваме убава иднина.
Мене "нај нормално" дека најубавите спомени ми се врзани за 29ти ноември.
Јас израснав на 29ти ноември, не на тој ден, и не во еден ден, туку на 29ти ноември како улица. Незнам сега како се вика улицата, оти пред некое време ги прекрстија тиа улиците шо се викаа комунистички.
А на таа улица, 29ти ноември, ми помина најубавиот дел од животот, детството.
Како дете, трчеме околу згради, седеме на ѕидчето пред зградите, играеме на игралиштето, се мочаме зад секое ќоше и мака немаме за ништо.
После каа подпорасname малку, нашето место на дејство се прошири до "Ѓермански рид" и Љубаш, каа имаме нагон да бериме ѕенѕери и сливи (зелени, не зрели), а на другата страна до гимназијата каде имаше девојчиња спортски облечени ☺
У тиа денови на безгрижие, по кавадаречки кажано, кур не не болеше дали е комунизам, социјализам, капитализам или било шо. Важно ни беше да дојде 29ти ноември и да еден ден - два не одиме нашколо, за да можиме да одиме на Ѓермански рид. Добро, Тито го сакаме. Оти он имаше ногу денови, т.е. еден ден кога се родил, па ден кога штафетата "со љубов"! ќе му ја предадат, па еден ден може ќе се случе да и штафетата помине низ Кавадарци...
Помина и детството и државата шо и беше 29ти ноември ден. Ама јас пак си го славам 29ти ноември. На мојот 29ти ноември повторно се случи да се соединат некои работи, не републики и држави, ама две особи кои еве до ден денеска, т.е. вчера, си го славиме 29ти ноември како наш ден, 20 и кусур години !!!



29ти ноември полека се помалку ме подсеќа на детството на улицата 29ти ноември и се повеќе ги гледам "плодовите" на нашиот 29ти ноември како пораснаа и сега заедно поминуваме прекрасни моменти. Си правиме есапи и планеви за како ќе бидат следените 29ти ноември - сакаме да си ги направиме уште поубави од минатите...

Јас се надевам дека кога после 30 години ќе се сеќаваме пак на убавите моменти од сега а не на работите кои не нервираат...
А у денешно време ако сакаш нервози може да се нервираш колку шо сакаш. Ете на пример вчера, вчера ниа Бил да ми беше приpака он ци знаеше!
Добро брату, може тоа е твоја животна опсесија, да не мислиш негативно, па не ти текнало тебе или на тиа твоите потрчковци да ставе стискало "НЕ" туку:

-Windows 10 herunterlade
-Kostenloses Upgrade reservieren
-Windows Update aufrufen
-Weitere informationen zu Windows 10

Де бре ?!?!?
И после Светот не одел напред? Ами ни дури беме деца, на 29ти ноември, имаше избор помеѓу магерето и змијата, а сега чичко Бил ти дава четири опции !!! И дури него го средиме, еве друг сеирџија. Си актуализирал некоја програмичка и ОП! YAHOO се раширило по компјутерот ка на мајка му да е!!!! Абе иите у пичку матер сите!!! Толку да се секирате за мене како шо се секирате за компјутерот може некој ќе дојдеше сабајле да ги изподзатворе сите вентили за водата, па нему да му мрзнат прстите.

Арно има ете и светли моменти и во денешно време. Дури живееме и си играеме на улица 29ти ноември, нашколо одеме у Т-Х-Т. Ногу ме израдува веста кога прочиав дека: »Во Општинското основно училиште „Тоде Хаџи-Тефов" во Кавадарци предадена во употреба металната ограда изградена со помош на УСАИД и општината Кавадарци«

Тоа толку ме израдува шо дури неколку моменти неможев да дојдам при себе - од смеа ☺ . А дека Т-Х-Т имаше ограда можам со сигурност да потврдам. Јас памтам дека на тогашната ограда (која изгледа не беше предадена во употреба) си ги скинав панталоните. А тоа го памтам за тоа шо последицте после тоа ... ама ајде нека оде тоа под областа "воспитни мерки".

---

17.11.2015

Бајки и бомби ...

Како "Sommermärchen" или по нашки "летна бајка" беше презентирано светското фудбалско првенство 2006 во Германија. Тогаш медиумите се натпреваруваа кој подобри и по величенствени зборови ќе најде за "кајзерот" Франц Бекенбауер кој успеа да го донесе првенството во Германија.
Денеска, истите тие - медиумите, копат по буњиштето и сакат да одкријат дека сета работа била подмачкана од страна на кајзерот. Нормално сега истите тие, кои до пред една година правеа од Франц народен херој, бараат и најмала дамка, да можат во нивен стил, да го оцрнат човекот - скроз.
И сведоци см како од година во година новинарството забегува се повеќе и повеќе. Со развојот на електронските медиуми и се поголемото нивно користење се разви нова гранка во новинарството, се појавиа новинари кое главна ативност им е "copy & paste". Па така ако некој по "наредба" напише нешто (оти циганките одамна не фалат никој веќе) како лавина се пренесува веста која после 180 пат сакале нееќеле ќе ја земиме за вистинска.
Затоа јас веќе не никој не верувам, дури ни на самиот себе. Затоа шо за некои работи само шо си ги разбрал и си зел некој став, оп, нови информации и оп, одма друг став има човек.
Па така со годините стекнав едно искуство, за секоја работа да не се изластам на прва, почекај, преспиј еднаш и размисли барем три пати...
Да, тоа е нешто ново кај мене. И мислам дека е добра промена. Затоа шо ете на

секоја средба со повод сретнуваш човеци кои едни на други им викат: "еее, па ти во општо не си се променил"! и сега после 30 години кога некој ќе ти го каже тоа дали да го сватиш како комплимент или да размислиш шо си грешил у животот.
Како може човек 10 20 30 години да не се смене. Ами нели сите се стремиме за нешто подобро, повисоко...
Така најновите збиднувања во Франција повторно ме натераа да мислам на некои работи. На пример, зошто кај едни се терористи, а кај други бунтовници. Зошто кај едните "боле" а кај другите ни "кур не не боле"?
Дали утепување на 100 и кусур недолжни човеци со пушки и бомби е поголем злочин одколку систематско труење на еден регион со 100 000 жители?
И на крајот пак наа старата: "Ќути, има и полошо"...



---

29.10.2015

Ете, пред некоја недела пробав нешто да пишам, ама застана на половина и ... толку.
можеби од воа третото залетување ќе оставе некој запис.

Се запцув дека нема да пишам ништо и да коментирам ништо за најголемиот загадувач на Балканот. И ако некои работи можам да ги преќутам, да не ги запишам - неможам.
Се освети црккват у Кавадарци и сите среќни, донатор тиа шо не (ги) труе сите кавадарчани па и околината. Ама затоа што општеството ни е станато фацебук компот и наваknати сме да стискаме лајк на секоја разголена комшика и ако она сиромашката не личе на ништо, а најмалку да се презентира у купаќи гаќи, ја продаваме и душата и верата за "доброто на сите", си стискаме лајк и си свиркаме.
Овие денови повторно информации по медиумите дека Кавадарци е најзагеденото место у Македонијата. Аирлија нека е, барем у нешто да бидиме први ☺
И така оно си чуре, камионите си ги газат патиштата, кавадаречките вина уште некоја година че почнат да пипсат на ниа металните детектори на аеродромите, ама важно ни оклештени имаме лајк стиснато.
По тоа медиумите читам, гледам,слушам се спремаат предвремени избори - одгодина.
И? шо ќе се смене нешто? ТИКВИ! Некој да сака нешто да смене може да смене у 72 саати, а не да лигаве со години презентирајќи некои "позитивни" бројки од сета негативна ситуација.
Порано имав ногу мерак да гледам филмови, странски. Поготово од ниа у кои се тепаа и пукаа. Па така ќе отиде, обично некој бивши амерчки војник, у некоја, обично средно или јужноамериканска земја и ќе ги истепа тиа арогантните фаци кои крадеа сè околу себе и го експлотираа секој до последен земјоделец или сточар.
Филмовите ги намалив, не гледам толку, ама тиа арогантните фаци сега ги гледам на други места - само ниа америчкиот војник не е способен да ги одстране виа професионалци...

(29.10.2015)
ГЛАСНОГОВОРНИК
(второ залетување ☺)

Ајде денеска да пробаме одново. Денеска сум инспириран од моментите (море цела вечер беше) поминати на една ногу убава прослава кај комшиите. Со години тука по Швајцаријата одиме на разно разни забави од типот де воа друштво прославува 8ми март, де црквата прославува некој си Велигден, или слично. Во секој случај до сега на повеќето десетици такви прослави доживуваме само едно - ГАЛАМА (до сега само еднаш се има случено да музикантите неморат да кашират незнаењето со гласна музика - само еднаш, Марјан Коцев и Дрим Тим успеја да направат забава без после два дена да ти зуат ушите).
Така и кај комшиите музиката "изворна", од северниот сосед, испаѓаше од

синтисајзерот и тоа не малку гласна - ечеше. Убаво ги свиреше синтисајзерот, уклучен на еден ритам, сите песни па дури и "Македонско девојче" (една строфа), испеја певачката на ритам од "чаше ломим"... арно си викам јас - поминувачка нека има.
Друго ми беше зборот. Ете и тоа детето на синтизајзерот и певачката супер работа правеа - можеби се и мајстори на занаетот. Ама "пакувањето", е тоа беше за никаде. Како и насекаде и тука доживеаме да супер производ неможиш да го "продадиш" за тоа шо "комплетниот пакет" не го бива.
Ама во денешно време, време на брзање и интернет од 100 мегабајти у секунда, човештвото нема време да чека и да се радува на кавалитетни работи.
Секој втор производ е за една употреба, иначе како ќе се објасне фактот дека скоро сите телевизори, радиа, принтери и сл. немат штрафови за да го расклопиш? А системот на склопување на сите продукти веќе забегува. Порано каде што само квалифицирани и специјалсти работеа, денеска работат приучени ефтини работници кои при првата промена на продуктот ги мењат заедно, комплет...
И само бројките, само бројките се важни. дали ќе бидат црвени или црни, колку ќе има за таканаречените менаџери и дали е некој процент повеќе од лани. А жонглери со бројките у Македонијата ги има најдобри. Секогаш ќе најдат "убава" бројка за да победиме. Па така ете објавиа дека Македонија е на 12то место у светот. Не ппашувајте за шо е на 12то место. Знам дека и фудбалската репрезентација е на 174 место, ама тоа никој не го нагласува - не е за фалење. А може да се пофалат и дека сме 1ви по извоз на високо стручни деца, кои како така завршиле некој факултет и оп, на тацна му го даваме на белосветските работодавци да го цица знаењетои еланот на тие млади личности. Важно направија фабрики во кои работат илјадници работници за корка леб. И тоа до? и тоа до дури не дај Боже влезиме во наа европската унија. Тогаш ќе ни ги опашат новите аршини и сите тие плехани фабрики ќе изгледат ѓоа комбинатот...



Но јас одамна не се нервирам за тие работи, мене најногу у животот ме нервира каа ќе седнам у колата и ќе осетам дека клучот од колата уште е у џебот од панталоните!!! Дури ни ниа градските автобуси насабајле шо возат со 24 км/ч не ме нервираат толку веќе - се навикнав на нив.

(16.10.2015)
ЛИСТОПАД!!!
Читам по калндарот, старинскиот, октомври се викал и листопад. А зошто не го крстиле "комињарков"? На некои места има повеќе комиње одколку лисја. Јас лично би го крстил и "темен". Оти темно е сабајле каа одиш на работа, темно е навечер каа се враќаш од работа.
Есен, да убава е додека е сончева не ногу ладна и шарена за сликање. Ама кога ќе почне денот како денеска, мокро, магловито и ладно, не само шо те фаќа некоја депресија, туку и мотивацијата за да направиш нешто многу потешко се активира.
А и вестите од по интернетот не допринесуваат за подобрување на општата состојба. Еве гледам и се подсеќаме не Тоше Проески. Човекот од каа замина сите го засакаа. Пред трагично да загине, не го ставаме ни на крај памет. А после сите беа експерти и "обожаватели"...
Јас за тоа можам да кажам го ценев како пеач затоа шо (одпосле сите приметиа) докажа дека и Македонски песни, испеани на Македонски можат да бидат хитови и не како "лигавешите" пред него пееа на српски, демек Македонскиот не бил погоден за сите чуства да ги пренесат. (сите се занесуваа дека ќе се пробиат и до Словенија и дека ќе постанат "познати" у тогашната Југославија). Замина човекот, горд и поносен Македонец како што малку ги има.
А ги има. Ама и тиа ќе ги жалиме од кога ќе ги истрошиме. А сега по интересни ни се некои си сиромашни души кои изиграваат "политичари".
А има и деца и човеци (мислам и во машки и во женски род) кои пеат, творат и прават убави работи за Македонијата, ама нив никој не ги цене моментално зошто не се у орото шо се вика политика. А еден ден кога ќе неможат да создаваат, творат и се борат за своите идеали, а со тоа и за некој дел на Македонштината ќе ги величиме и ќе стискаме лајк. А лајкот стана народна болест. Се стиска на сè и сешто, не дека секој заслужил да му се стисне лике, ама пуст менталитет, само да бидиме увиѓајни се глупираме наголемо.
Како бе може лајк на жална вест??? Поминувачка нека има.

А и таму каде шо немаш право да стиснеш лике, компот. И таму информација врз информација. Целта да те информираат е одамна изгубена. У денешно време се сака “сензација“! Па ако нема - ќе измислиме.

---

01.10.2015

И уште една

Ставаш сабајле, се спремаш за на работа, доаѓаш на работното место, го пиеш првото кафе, ги киниш листовите на календарот и оп!!! гледаш - 31.12. четврток...
Помина и ваа година, си викаш. Надвор темно, ни полната “супер месечина“ неможе да се пробие низ маглата.
А ваа година ќе ја памтиме по долгото, топло, суво лето. Лето како од букварот.
Ама од “ногу глава боле!“ викаа старите, па така сретнувам човеци на кои шо и ваа не му е погодена, да летото еднаш биде лето. Па суша било, па жешко било, па озон ваков, па фаза наква...
А бе човеци, само едно е сменето од пред 30 - 40 години, бројката. Бројката шо а пишиме на скоро сите формулари покрај име и презиме - старост. Тоа староста ни смета. Та не ли беше 40 и кусур степени летата на почетокот на 80 тите години од минатиот век? Летата кога кога само Бранка Станковска ни кажуваше колку е степени било жешко и колку ќе биде жешко. Тогаш не ни сметаа ни “цензурираните“ 42 степени да секое САБАЈЛЕ уште у 9 - 10 саатот!!! одиме у »БРИОНИ« и на тиа рѓосаните бели маси подзаиграиме табла, табланет, ханче, р'мче ... а да, не седеме по дома оти и дома беше толку жешко. У тоа време само, колку шо се сеќавам, само во ОП-то на »МЕТАЛ ПРОМЕТ« имаше клима уреди! Да, годината ќе ја памтиме по летото (какво такво).
Се надевам дека на нашите внуци ќе им раскажуваме исто за тоа како на некој курнез му текна таа година, 2015та, да »Тиквешкиот Гроздобер« го направе у август месец!
Ќе се подсеќаме како во Македонија беше одкриен најголемиот организиран криминал (или беше некој обвинет за најголемиот организиран криминал) а никој ништо не осети. Ниту некој беше осуден за криминал, ниту некој беше осуден за клевета!!!
Ех, мојата чудесна земја МАКЕДОНИЈА!




Од ногу глава боле!
Или глава боле или ќе го прегреиш “транзисторот“. Па така веќе станаме имуни на секоја информација шо ќе ја прочитаме, видиме, по интернетот, телевизорот, радиото. Шо вика Мама, “ЛАЖАТ - сите лажат!“. И затоа веќе не се интернесни никакви информации каде и колку војни има, од каде и каде колку бегалци имало, кој каде пукал и кој кого утепуе...
Понекогаш така каа ќе се размислам, старите имат право у ногу работи. Ама чичко американецот полека ама сигурно не дресира како треба да мислиме. Кога Баба, Бог да а просте, ни лафеше: “не се спие на таа страна!“ или “денеска не се јаде мрсно пост е!“ на крај памет не а ставаме. А сега ќе стискаме лајкови на фенг-шуи и на разни диети.
Ама тоа е тоа, демек и ни сме а разбрале работата, како и 2468279 други фацебук корисници.

Да, годината поминува полека ама сигурно. Едно е сигурно. Од година ќе бидиме за една година постари. Дали ќе бидиме поискусни, а од друга страна и ако собериме некое искуство дали ќе може да го уклопиме во светските трендови и медиумскиот диктат, тоа ќе видиме. Ама во секој случај ќе се надеваме на поубаво утре (година). Ќе се надеваме дека Гроздоберот традиционално ќе го одржат првиот викенд во септември, дека 184 вонредни избор во Македонија ќе донесат нови фаци (политичари секако немаме у Македонијата) и дека еден ден стварно ќе почне сонцето да грее за сите исто...

Еве гледам лисјата на дрвата почнале да собираат од латната боја. Ајде сега ваа досадната магла нека избега па човечки да прошетаме по шумите и да си направиме по некое “селфи“ со дрвата кои веќе ја завршија ваа година.

---

21.09.2015

Поминувачка нека има

И повторно, безбројоно кажано и повторно погазено. Со години викам дека нема да одам на забави од типот, ногу човеци, ќебапи, и гласна музика во стил на галама.
Ама таа е, убав ден, слободно време и си викам ќе искомбинираме, ќе завртиме со моторот некој километар и ќе се видиме со човеците.
А тоа беше и главната причина шо го погазив моето ветено, да не одам по тие веселби, демек. Човеците кои се ангажираат да содадат и зачуват нешто Македонско. Нивниот труд и ангажман сакав да го одостојам барем со моето без знаачајно присуство.
А "прославата" како и најголемиот број на досегашните. Маси наредени како у некоја војничка менза, клупи за седење каа шо имаше пред "Ангро-то" на времето кога коларите (шоферите на шпедитерите ) седеа и чекаа да некој купи некоја вреќа чименто и некоја цигла па да направат бизнис..., и музика, шо погласна и шо е можно повеќе ора за да може народната маса да се веселе и барем во тие моменти да се види кој шо научил да играе и кое фустанче го купиле (или чувале) за такви прилики.
А презентацијата на фустаните (или поточно речено, по кавадаречки, к'фт'нчиња) беше запазувачка. Обично момето "светнато" ѓоа млада невеста, качена на штикли од 11,8 цм, нацртана како буквар за прво оделение, а "придружникот" у фармерки, кошулката шо прва а фанал у шифуњерот и најновото палто, излезното палто, шо само за вакви прилики го има, 15 години
Само едно не ми е јасно, зошто тие момите облечуат куси ф'станчиња и после цел Божји ден ги влечат накај колената демек ..., - не ми е јасно!



Помина таа апнаме ќебапи, се напиме пиво, се излафиме со приателите, се сретнаме и со човеци од подалечните места у Швајцаријата и пак на моторката правец дома.
Се возиме по регионалните патишта кои поминуваат низ безброј села, населби и по живописни речни долини низ централна Швајцарија. После неколку села и градилишта на патот конечно допреме до "слободен, прав пат". Одма колоната од возила со која се движевме во ист правец забрзува на "стандардните" 85 - 90 км/ч. Го возам моторот и уживам во брзите и долги кривини. Така си се "нишаме" де лево де десно, одвреме навреме ќе погледниш настрана во живописните речни долчиња или по некоја стара куќа, замок, црква, и така навален во лево со добри 80 км/ч ја поминуваш пругата. Пак долги прави правци, пак кривина во лево, па во десно, и после ти иде мисла: чекај бе, со 80 и кусур поминаме преку пруга, во кривина, навален !?!?! Па да, тоа е нормално, иначе ако е тоа опасност на патот ќе беше означено и прилагодено како треба.
Да, и одма компарацијата. Летото имав неколку прилики да на Балканот поминам на места каде патот и пруга се вкрстуваат. Човек да не помисле шо може да ти се случе ако поминш преку пруга со повеќе од 20 км/ч направо, преку, не па во кривина...

Далеку е Европа, далеку е и Балканот, далеку е, ако одиш "пешки".

---

12.09.2015

"ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2015"

Гроздобер 2015, или како шо викат кај нас: "со домашен есап напазар не се оде!"
Одприлика пред една година јас го посетив за првпат "возобновениот Тиквешки гроздобер". Нели како дете од Кавадарци, на времето на Гроздоберот најногу му се радуваме, оти Гроздоберот не беше само манифестација туку и сé друго ни беше, и Нова година и Божиќ и Велигден (само за штафетата мораме повеќе да се радуваме).
Гроздоберот 2014 ни во најмала мерка не ги исполни моите очекувања, ама викам

ајде ќе му дадиме уште една шанса. И така, уште лани кога како секој лојален работник во Швајцаријата, си пријавиме одмор за првиот викенд во септември, демек викенд за кој традиционално се одржува Тиквешкиот гроздобер.
ТИКВИ!!!
Од неофицијални извори, оти пеачот шо требело да биде "ѕвезда" на Гроздоберот баш првиот викенд у септември имал менструација, морало да се поместе целата манифестација неколку денови пред "традиционалнит термин" на традиционалниот и на далеку познат Тиквешки гроздобер.

Гроздоберот го поместиа, ама мојот одмор не се поместува. Па така гроздоберот го тераме по Швајцаријата.




Да, помина повеќе од еден месец од последната моја забелешка овде. Не дека немаше шо да се пише, или оти не почнав да пишам, ама и после четвртиот покушај си викам "Гого, шо сеа ти ќе пишиш за Гроздоберот и мизерството кое го разбра околлу гроздоберот? Нити си бил, ниту си видел - нека се изјаснат директно потрефените..."

Гроздоберот го почнаме, традиционално како шо доликува првиот викенд во септември. И каде да се тера гроздобер во Швајцарија ако не во напознатиот и најживописниот вински регион во Швајцарија, лозјата на брегот од Женевското езеро...

И така шетајќи по тоа "скрката", ми дојди една мисла: "да морало да садиме лозја по вакви места у Тиквешијата, зрно грозје ќе сме немале да апниме, не па за вино да има".
Така, по тиа странки, кај шо едвај некоја коза може да оде, човеците традиционално си прават ѕидчиња, па терасички, и традицционално си одгледуваат винова лоза и традиционално си прават вино и традиционално (скапо, или по солидна цена) си го продаваат виното затоа шо тоа вино е од традиционален регион за одгледување на винова лоа.
Само имаат една мана, они не расправат за традицијата, они ти продават традиција, убаво спакувана и вкусна.
И таму видоме, ногу винарии и ногу можности да секој си одбере вино, во секое село, во секоја населба, во безбројни винарии.
Гроздобер, со изветвени пеачи, скари шо чурат - НЕМАШЕ.
Фешти во чест на виното и грозјето - ИМА.



И бидејќи традиционално Гроздоберот е само викенд, а одморот е цела недела -

продолжиме да ја запознаваме Швајцарија.
И колку повеќе ја запознаваме Швајцаријата, толку повеќе приметиме дека традицијата е секаде присутна ама никаде никој не те "даве" со тоа.
Дека секаде секој си ја свршил својата работа, дека секој ја гледа околината како своја...



И така во една недела поминаме 1000 и кусур километри по Швајцаријата, по земја во која со години живеиме и работиме, а еве сега и после толку години и одмор истераме. Не дека до сега не сме прошетале, ама вистински туризам цела недела тргнати по патишта, хотели и исклучени тотално од секојдневието - и со сигурност викам: нема да биде последен пат.

Поминаме преку стотици села и градови, и секаде истата слика. Средено. Дури и во село за кое мислеме дека ако не е на крајот од светот, тогаш барем скриено никој да не го најде - ни најдоме бензиска станица со интегрална штала!!!

Да, ќе треба неколку денови да ги средиме мислите и впечатоците, ама во секој случај во понеделник првпат нема да ми се оде на работа после одмор...

фотографии »»»

---

10.08.2015

одмор...

Како некоја турска или шпанска серија шо нема крај, така и нашиот годишен циклус. Еднаш годишно (најмалку), пакувај куфери, полни колата со сé и сешто акни се скоро 2000 километри до Македонија, дружење, јадење, пиење, кажување и слушање на маки, полни колата со куфери, чушки, патлицани, лубеници, вино, ракија и пак назад 2000 км....
Радоста е на наша страна, јас (барем така мислам) веќе имам две татковини. И кога едната ќе ми досаде, или изнервира, барам утеха во другата. Право речено односот на утеха од едната спрема другата е огромен, ама за тоа пак толку повеќе интензивна.
Стани во 5:30. Оди на работа. Пиј кафе. Работи. Прави пауза. Пиј кафе. Ручај. Пиј кафе. Работи. Прави пауза. Пиј кафе. Работи. 17:00. Оди дома. Вечерај. Слободни активности. Пиј кафе. Легни си. Стани во 5:30. Оди на работа. Пиј кафе .... и така о понеделник до петок. Сабота и недела, каа одврзано куче трчи сегде да стигниш.
И ќе ти досаде. Ајде во Македонијата (тамо где вечно сунце сја!). Си викаш, ајде доста е, да избегаме барем малку од ваа машинеријата која секојдневно не цеде меѓи забчаниците.
Да осетиме слобода, нередовен живот, анархија! Маките по патот до Македонија ги забароваме штом ќе ги видиме граничните куќички на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!
И оп! Влеваме у Македонија. Уште 100 км. Смешно е да се жалиш за 100, сме поминале 1700 други по туѓи земји.
ДОБРОДОЈДОВТЕ ВО МАКЕДОНИЈА! ВИЕ ВОЗИТЕ ПО АВТОПАТОТ »АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ« !!! ДА! Осетиме. Мислиш и он го правел. Или е крстен затоа шо се осеќаш како да возиш по снагата на АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ или барем по неговите ребра.
И така си стигнуваме во топлиот (жешкиот) дом. Повторно владее позитивна атмосфера. А и нема друго кога си меѓу најмилите.
Во деновите на одмор и релаксација ја "шпартаме" Македонијата од север до југ и од Струмица до Охрид. И секоја година на ново изненадени!!! ЕЕ!!! Ништо не се сменило во Македонијата. Да во Скопјето има нови фасади од мермер кој само изгледа дека е мермер - ама не е. По провинцијата има градови кои изгледаат како градови ама не се. Ги спојува АВТОПАТОТ »АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ« кој само е крстен автопат. А на останатите правци се возиме по патишта кој ни ги остави другарот ТИТО! А бе чудесна земја Македонијо. Не си ти крива шо те водат политичари кои само мислат дека се политичари. Иначе како ќе го претумачат тоа дека на патот од Ресен до Буково немат маанато ни една рака асфалт??? Патот до демек нај туристичкото место во Македонија.
А таму, секоја година по забегана работата. Како да не сакат да бидат туристички град/место. Секоја чест на поединци кои се борат со сите сили да го насочат туризмот во прав правец. Ама додека не станат сите, или барем поголемиот дел, како угостителот во Трпеица кој и покрај нашите "чудни" желби не ја изгуби насмевката и ни ја задоволи секоја наша желба (тоа не беа

невозможни работи, само навики кои ете сакаме да си ги задржиме и на одморот) ... тешко дека ќе се осеќате како турист во најтуристичкиот град во Македонијата. А Охрид кој се фале дека имал демек ептен стара култура – како да ја истрошил баш на ваа дуња. Секаде каде да се завртиш – само првиот ред нашминкан. Како барокните фасади во Скопје – само така изгледаат, не се. Влегуваш во најдобриот ресторант во најтуристичкиот град во Македонија во тоалетот – и се прашуваш: "добро бе да а .. шо пиат виа човеци на Балканот шо у секој мочалник смрде како да си на гробишта за добици"???



По тиа старите патишта со гланц нови дупки, пак владее чудна сообраќајна хиерархија... "нај јаки" се дистрибутерите со разни видови на комбиња со кои разнесуваат од кикирики до тоалетна хартија по сите продавници на Република Македонија. Потоа се таксистите, следени од новопечените бизнисмени кои со разни малверзации и заобиколувања дошле до некоја пара па со своите "скапи" возила па возат само право и го узурпираат комплетниот простор околу нив до кај што можат. Останатите, отворите си ги очите и не се силите дека законот и сообраќајните правила се на ваша страна.
Бевме и во Дојран. Да, во возобновениот туристички центар на југоисточна Македонија. Чист пример како може и нешто мало наголемо да се растуре...

Убави работи? Убавите работи ги прават ЧОВЕЦИТЕ. Почнувајчи од најблиските, фамилијата, другарите и приателите кои на секое наше идење не почествуваат со искрено дружење, до човеци како Александар, кој се бори да создаде нешто ново и темелно, Никола кој безрезервно инвестира во својата замисла, па до угостителот во кафанчето Делфин во Трпеица кој ни го разубави денот – да се чуствуваме како туристи.
Тие моменти на среќа и задоволство не ги пишувам опширно затоа шо сакам да си ги зачувам за себе, и тоа се работи кои ме поткинуваат да следниот пат повторно го фатам патот и дојдам да се дружам барем со човеците – околината ќе ја исклучиме....

---

20.07.2015

УПДАТЕ

Ете седам пред воа таквоата, шо ми одзема поголем дел од моето слободно време. И сега на неколку денови пред годишнит одмор сигурно имав попаметна работа одколку да инсталирам наново програми кои полека, после неколку години користење, почнаа да работат како што јас сакав. Ама кај шо е силата - убавина нема. И така се потсетив на времињата кога скоро секој втор-трет месец го инсталирав компјутерот наново. Годините поминати пред електронскиот архив, ме научија да не инсталирам програми шо не ми требат, или шо мислам дека ќе ми требат. Со години наназад си знам - тие 6-7 програми ми требат, и на компјутерот нема други. Ама заборавив на "маркетинг стратегијата" на најголемиот штампач на програми. Навремено, два три месеци пред уведување на новиот оперативен систем, "стариот" почнува да зафркава, тоа беше така и со 95ката и со 98цата, и со сите наваму шо се појавиа. Да не беше на три дена пред тргнување, ќе го борев јас, ќе го управе, ама ми требат некои работи за обеќаното да го исполнам. И така сега си имам "нов - освежен систем" ☺
И гледај сега, дури и поубаво, побрзо работе. Олеснат од сите непотребни остатоци кои се собирале со времето и ако стара машина, штрика ѓоа нова.
И одма паралелата, помеѓу виртуелниот и реалниот свет. Зошто неможе да се "вратиме на стандарт состојба"? Зошто неможе да го исфрлиме целиот баласт шо со години сме го складирале у нас, непотребно! Зошто немаме дугме да се вратиме на "фабричка состојба"?



Како и секогаш до сега, во летниот период обемот на работа во СЕНН Киес унд шоттерверк е намалена па да не седам само така, одвреме-навреме си мислам по нешто ☺ така општо, за Бог и Свет - шо би рекол пријателскиот швајцарски народ. И уште еднаш повеќе јасно ни станува дека некои работи неможе да ги смениме и ако ни сметат. Не е до нас работта! Во последниве денови и колку што сакам да ја игнорирам ситуацијата во Европа со Грција – неможеше, секои вести почнуваа со тоа дали ќе а биде или не. Ударни вести од типот: "уште 4 часа до полоќ, до одлуката дали ќе банкнотира или не грцијата", "дали состанокот ќе донесе спас за истоштениот грчки народ" и ред такви работи. Едно никако не ми е јасно, викат до толку саатот ако одлучат, од утре грција ќе добие пари!?!?!? Како??? ќе земат авиони и како ниа за хуманитарните акции ќе фрлаат кутии полни со пари низ грција или ќе земе Госпоѓата Меркел камиони и на палети ќе носи пари по улиците на Солун?
Друга не јасна работа шо тие денови ме окупира - борбата на исламската држава! Каде се сега НАТО, Европа и сите шо бомбардираа по Србијата за тоа шо се степаа србите и шиптарите??? Или таму најдоа добри муштерии па не им се исплаќа да прекинат со достава на кртешници?
И една работа не од толку глобално ниво. У Македонијата со месеци се тепат да дојде до нови, предвремени избори. И изгледа се успеа во тоа. Одгодина пак на избори, предвремени, како и сите до сега! И како и на сите до сега ќе биде исто. Едните ќе победат, дргите ќе се лутат и одпоново ќе почне борба за "нови предвремени избори". Дека има "нешто труло во државата Данска" знаиме, дека у Македонијата нема да се смене нешто и покрај промена на таканаречените власти и тоа го знаиме. Еве актуелните власти се фалат со незнам колку илјади нови работни места, со инвестиции во инфраструктурата со незнам кои милионски суми, изнаредија споменици и тротоари како "слико" за нивното "успешно работење" на секаде по државата Македонија. Мој совет до секој шо сака да ја земе сега власта у Македонија - НЕ! Не "бркај" те ги секашните власти. Оставите ги уште 7, 8 - 10 години, да ги видиме колку ќе ги бива кога за некоја година ќе треба да почнат да се враќаат сите кредите шо ги земаат со години од секаде... Грција, Грција не е ништо шо нас не чека ....
Ама добромисла нека е, еве не гледаме толку далеку. Еве ќе гледаме и ќе планираме како да ги поминиме предстоините денови од летниот одмор кои ќе ги поминуваме во нашата сакана татковина.
И повторно. Се спремаме да ги согазиме патиштата од пола Европа и да стигниме во Кавадарци, градот на виното и ракијата. Не чекаат убави днови, денови на дружење со нашите сакани човеци. Се спремаме да посетиме ногу места по Македонијата, ама ако не биде ептен жешко, како шо знае да биде...

---

22.06.2015

Убавата страна на животот

Божја воља, или космички сили, одредиле да живееме баш во оваа епоха. Во време или невреме на медиумско труење од сите страни. Печатени, електронски, "радиоактивни" и какви ти уште не медиуми, дневно не затрупуваат со безкрајно непотребни информации. И тука "експертитте" за медиумско информирање одамна одкриле дека само сензационалната вест е интересна вест. Па така си правиме сензација од секоја оперисана цицка или секој натрен нос од некоја си кобајаги позната личност. Исто и со политичката состојба/несостојба во Светот си правиме прикаски како сакаме...
Информациите за некои убави работи кои ни се случуваат се "дават" во океанот на "сензационални" вести.

Но за среќа во "нашиот космос" има ногу убави моменти кои нé веселат и не сакаме да поминат, а уште помалку да ги заборавиме. Ете последното изненадување, ептен позитивно изненадување, ни го приреди Буба. Очекуваме дека ќе го заврше средното, очекуваме дека ќе ја земе и матурата, ама дека ќе биде една од најдобрите во генерацијата, тоа не го ни мислеме. Па така не обли едно убаво чуство на радост и понос кое еве неколку денови држе...
Таквите моменти ни донесуваат радост и среќа која сакаме да делиме со своите блиски, па дружењето со човеците во овакви околности ни покажуваат колку е убав животот и на шо треба да стремиме. Во секој случај овие, позитивни, нешта ногу поубаво делуваат на нашата душа од било која "сензационална

светска вест".




И така расположени го поминавме викендот кој и покрај лошото, врнежливо време не успеа да ја "натопи" нашата радост. До душа натопувањето беше спроведено на друг начин...
Начин на повторно задоволство дружејќи се со човеци кои искрено ја делеа нашата радост.
Пусто турско, во оваквим моменти не сме со најблиските и најсаканите, но радоста нема граници па така останува да следниот пат кога ќе се собериме имаме повод да си ги повториме овие убави моменти.



сакам уште ногу да кажам, ама сега ќе остане на ова, а јас ќе си мислам ...

---

10.06.2015

» МАКЕДОНИЈА ВЕЧНА «

Пет дена, пет дена ама како мелем на рана. Пет дена во кои се заборавија грижите и се потсетивме на младоста. Се сретнав со убави човеци, поминав прекрасни моменти и понесив срећни спомени.



И тоа сето ќе беше како бајка ако не се случуваше во Македонија. Македонија која како некое дете сираче уште неможе да зачекори по правиот или барем по

некој пат. Колку и да сака човек да ги исклуче чуствата и сетилата неможе а да не забележе дека секое ново одење во Македонијата е - ИСТО! Некои работи не се поместени со години, некои се нашминкани поради одамна поминати избори и тоа малкуто шо некои големи ентузиасти со напори го прават се губи во околината...

И така додека Светот и Европа си оди по патот, Македонијата се стреми и се спрема за нови избори. Избори кои ако се спроведат повторно ќе ја вратат Македонијата на тоа исто место - почетокот. Почетокот на што??? Почетокот на сонот за подобро утре.



Но повод на мојата посета на Кавадарци и Македонија беше средбата со моите школски со кои пред 30 години матуриравме во УЦСНО Киро Спанџов Брко. Во тоа време, 1981 - 1985 година, бевме една од неколкуте "експериментални" генерации кои го посетуваа "средното насочено образование". И изгледа како и секоја работа шо после две - три години постанува традиција, така и школството традиционално останало "експериментално".

Но една работа е останата за целиот останат Свет да ни завидува. Веселбите. Веселбите од секој вид. И јас самиот им завидувам на човеците шо цел ден се жалат од сé и сешто, ама каа ќе свирне трубата неможе човек да ги собере... ☺

И на крај на краиштата, секој си е градител на својата судбина. Секој може слободно да одбере шо и кој сака....

---

11.05.2015

«Глуп народ, силна држава»

- Русија изрази загриженост за инцидентот во Куманово

- ЕУ, САД, ОБСЕ и НАТО: Ова е моментот кога треба да се активира дијалогот за политичката криза

- Ги повикуваме граѓаните да останат смирени и да дозволат утврдување на фактите. (американска амбасада во Скопје)

- Верските лидери повикаа на единство

и уште безброј "подршки", "пофалби", "поуки", "анализи" и шо уште ли ти не од сите страни, странки, странци, екперти, познавачи, тресокурци ...

Пред 25 години, на некој му текнало да кабелската мрежа за комуникација која била распослана по Светот и се користела претежно за воени цели ја отворе и ја даде на употреба на "човештвото". И така некаде у 1990 година почнало со ноа WWW
Прилично на почетокот на интернет ерата, си набавив еден модем, најмодерен, кој можеше да постигне брзина на комуникацијата до 56 kbit/s !!! и покрај тоа шо у тоа време CompuServe ми пушташе неверователни 14,4 kbit/s .
Се радував на можноста да комуницирам "директно" со моите во родниот крај и на секоја фотографија која ќе се "отвореше" после 485 секунди се радуваме... (за една песна од 3,5 MB чекаме по едно 20 минути да се симне, ако имаш среќа да на средината или малку пред крајот, не крахира нешто )
Со текот на годините интернетот постана дел од животот кој тешко можам да замислам дека би било можно без него.
Сликичките "идат" веднаш, а за песничката да ја земиш ти треба 2 -3 секунди. Така јас, скоро секојдневно комуницрам со моите во родниот крај, роднини, другари, приатели, разменуваме мисли и убави сликички, го дознавам најновото и најитересното од Македонијата и Светот....



Зошто бе идиоти ни едни, мамицави да а ебам глупа? Зошто ми го заебате интернетот? Зошто направите да неможам да отворам интернет страна без да ме нервира човчката глупост? Со денови само читам и гледам како интернетот кој е измислен да човештвото напредува, се користе за секакви експертски и стручњачки, демек, мисли.
Ми направите да се срамам ако во воа "невреме" ставам некоја убава фотографија од некое место, место на кое човеците ги надминале пештерските нагони.

Туку да. Еве како шо сега јас си седам и си чукам на ваа тастатурата и ги труам другите со моите мисли, има уште неколку други, неколку милиони други, кои исто мислат дека нивната е нај исправна!
И бидејќи моите мисли во моментов се вулгарни, еве неколку кои овие денови ме "замислуваат":
- Глуп народ, силна држава. (поговорка од времето на социјалзмот ...)
- Само човечката глупост и универзумот се безконечни. (Алберт Ајнштајн, покасно корегира дека за воа второто не е толку сигурен)
- Господ да те чува од полуписмени. (слушната од Јусуф Гулевски, драмски актер и приател)
Така кога овие три мисли човек ќе ги искомбинира, на свој слободен начин, ќе го добие одговорот на она што во моментиве се случува во Македонијата.
Ниту народот ни е глуп, ниту државата јака. Таа првата мисла, била точна можеби во времето на колективите, кога на сиромашниот и доброверувачки народ некој му пласирал идеи и мисли кои после сите ги следле. За жал! народот веќе одамна е описменет и способен да напише www. и превере шо има по светот. Ама ногу полуписмени се наместија на места за кои паметните не се нафаќале зошто се осеќале неспособни?
А за човечката глупост - убаци те ја каде скате.








---

21.04.2015

Раат да се нема !

Да, старите моторџии ни расправаа (мада никој и од нив не се прдржуваше на таа прикаска) дека мотор не се возе у месеци шо имат "Р". Така јас ваа година од разноразни причини првото официјално возење го направив во апРил. И првите 50-60 км стварно му дадов признание на старите моторџии. Не дека нема опрема да се одбраниме од "ладничкото" време, повеќе шо пролетното сонце ме залажи и мислев дека е топло како шо свете. Јас со години сам си се возам по патиштата, редко кога ќе се собериме ние двајца тројца да заедно се извозиме. Возењето во "чопор" од секогаш сум го избегавал, во прво време оти секогаш имаше некој "Кени Робертс" шо сакаше своите возни способности да ги покаже на малта публика, а при тоа обично се наоѓаше и по некој "Фреди Спенсер" или "Еди Ловсон" па од возењето поминваше у завивање на гаста и ...
А во последно време доста често практикувам да застанувам каде ќе ми падне на памет. Не само за мочање ☺, туку и на секое место каде ќе видам нешто за кое мислам дека заслужува да го овековечам со мојата фотокамера.



А самото возење, тоа си е филозофија за себе. Осеќајот дека си дел од природата а повторно "скриен" во кацигата и нараквиците, е посебен. Осаменоста во природата ти дава можност да го пуштиш мозкот на паша и на ногу пошироко поле, одколку шо имаат кравите на располагање. Во километрите, саатите, поминати по патиштата имаш време да размислуваш за сé и сешто. И обично после секе возење остануваат еден куп прашања не одговорени.

Недела, 19 апРил, лето Господово 2015то.
Се возам на Хондичката, со патна брзина од ендо 60 - 70 км/ч по патиштата на Швајцаријата. И одма првото прашање: Колку е различно возењето во Швајцарија и Македонија? Возам првпат ваа година (тоа пред една недела не го рачунаме - тоа беше само да се донесе моторот дома и да видиме дали се е во ред) значи уште не "размрдани" и јас и моторот, а уште помалку "уиграни". Ама барем патиштата се чисти! Два дена пред тоа веќе врнеше дожд - значи патиштата се чисти/испрани. А во Македонијата, шо мислиш после секој дожд? Да, ПАЗИ! може секаде, зад секоја кривина (или на секоја) да има нанос од песок или кал!
Се возам така јас, одвреме навреме ќе застанам да направам некоја фотографија... и оп! сум стигнал до границата со Германија. Ништо, на десно и по течението на реката правец на исток. Се возам јас во еден правец, а во другиот правец тече Рајна. И повторно, патот чист, секој ивичњак, секое стубче, секој знак на свое место. Од едната страна на патот, земјен пат, за потребите на неколкуте фармери, пат по кој денеска, во недела, нема трактори туку човеците испаднале да ги "изводинкат" коњите, од другата страна, асфалтиран "тротоар" по кој се движе сé што сака да го ужива овој пролетен ден, од пешаци, велосипедисти, фамилии со деца на детски точаци, разни направи на тркалца... сé се движе и дише чист пролетен воздух зачинет со издувни гасови од безбројните возила, коли, мотори од сите годишта и форми кои се возат по патот.
Швајцарија нема да биде Швајцарија ако не на секој 2 - 3 најногу на 5 км нема населено место. Поминувајчи (возејќи) преку тиа села, населби, градови гледаш исто така средена работа. Дали тоа ќе биде некоја нова населба, веќе развиен град или некој стар град, секоја градба секое ќоше е средено како што треба да биде.
И касарни, кои како на дланка ги гледаш од патот - без знак "НЕ СЛИКАЈ"!!!
И така да се вратам на патот покрај реката Рајна во еден момент забележав една "слика". Згради од некогашна касарна, на самата обала на реката. Во дворот на таа пренаменета касарна седат на масите, маси на кои некогаш се играело Пинг-понг, човеци кои неможеа да го скриат своето потекло. Човеци од афричките земји, азиланти. И повторно забегување на мислите...

На кого човек да биде гневен? Дали на судбината? Дали на тие шо ти а заебале судбината? Или имаш ли право да бидиш гневен на тие околу тебе шо поради местото на раѓање и околината, ја имаат можност да секоја недела се возат со моторот, со кабриолетот, го трчат коњот или вртат на педалата на точакот, не за тоа шо морат, туку ете - да помине времето.

Од прилика во исто време, додека ја се ладев на моторот и уживав по чистите и средените патишта на Швајцаријата, во Средоземното море се давеле човеци. Не од шо сакале. Не од шо сакале биле на чамецот или бродот кој им изгледал како спас од очајот во своето родно место...
И сега пак таа "светската" како да се помогне... Синоќа кажаа, 120 !!! 120 телевизиски екипи отишле да снимаат како ќе ги донесат преживеаните на суво. За тоа ги бива да се организират, да одат да им ја сликат маката на човеците...

Телевизиите, медиумите, се заинтересираат кога на некој ќе му "тргне назад". Се додека не пропаднеш у гомна, не си интересен во твојот очај.
Така и со нашата Македонија. Уште за никои не сме интересни. И покрај безизлезната и безнадежната ситуација на "државата" сите само подршки и совети делат. Моменталните "водачи" на Нацијата толку убаво ни ја пакуваат и кашираат ситуацијата шо дури и Тито, Чаушеску и ред други шминкачи би им завиделе на "способноста".

Поминувачка нека има...
Раат дали ќе си најдиме незнам, ама каде е Раат сега знам !




---

09.04.2015

На Господ да му помогниме

1982 години од кога Исус го распнале на крст и од кога истиот он воскреснал и не оставил сами, можеби со верата во него, да се бориме на ваа дуња. Од годината 33 после неговото раѓање до денеска поминале ногу денови, години, векови, каравани, војни, катастрофи и шо уште не.

Еве сега да ги земеме тие одоколу 2000 години, да не одиме подалеку, зар човештвото во тиа 2000 години ги нема направено сите грешки (нели "на грешки се учиме") или повеќе е точна мислата на Берти: "само универзумот и човечката глупост се безкрајни. за ова првото и не сум сигурен."

Оваа година нашите соверници од Католичка вероисповест и останати кои го слават Исус по другиот календар, најголемиот Христијански празник Христовото воскресение го славеа една недела пред нас - ние кои го славиме Исус по нашиот календар. И бидејќи јас привремено живеам и работам во земја која Исус го слави по другиот календар, имав можност повторно да дојдам во контакт со нивното славење. Исти, а различни. Христијани и они и ние. Они си ја терат славата вака, ние инаку. И тука почнуваат мислите за тоа кој колку го познава, го цени, го поштува. Јасно ќе ти стане дека не е едноставно сето тоа. Јасно ќе ти стане тогаш дека ние, христијаните, меѓу себе уште не си веруваме а уште помалку може да очекуваш да некој кој не верува во Исус, туку во својот Господ Бог, го поштува твоето.

Утепале 12 души у Франција, цела Европа и цел Свет се ужасуваат, осудуваат, жалат, укоруваат.

Утепале 100 кусур души у Африка, си го тераме празникот.

Пукнале "терористи" у Украина , сите ја осудуваат Русија, Путин - се спремаат дури и за војна против најголемиот дел шо остана од ЦЦЦП.

Некои си други "верски војнци" пукат, тепат, ништат се шо не верува у нивната вера - сите ја осудуваат Русија, Путин - се спремаат дури и за војна против најголемиот дел шо остана од ЦЦЦП (никој не ги осудува виа верско настроени терористи, за да нема "верска омраза" !!! )

Македонија вечна. Македонија била на тоа место уште пред да го заковат Исус на крстот и уште пред да се роди Исус. А веќе еве и 20 и кусур години како е "самостојна, независна, демократска, ..."
И повторно, се учиме на грешките. Ама бидејќи сме самостални, се учиме од нашите грешки, не ќе "препишуваме" од другите. Нивните грешки они нека си ги користат.

Некаде пред 33 години на легендарното ѕидче пред трите згради под Тиквеш Нацо донеси и ни за првпат видоме "волкмен", направија во која се ставаше аудио касета и батерии и после на слушалките се слушаше музика. Секој од нас можеше по минута/две да слушне музика, и после другиот. Оти батериите се трошеа побрзо дури и од сушење на плунката.
Потоа во светот се појави дискмен, исто такво ама со место магнетна лента, трошеше оптичка плоча.
И сега имат децата "МП-3 таквоа", си слушат музика со саати, без да влечат полни џепови со батерии, касети или дискови.

Пред 23 години си го купив мојот прв компјутер, пред мене имаа другарите по некој "спектрум" или такво нешто, ама јас си купив "368-ца " (Intel 80386) со оперативен систем basic на една 3,5" дискета! Денеска поснажен и појак систем има сијалицата на терасата.



Водопад на Рајна

Денеска гледам по интернетот, незнам по којпат во последниве неколку недели, во Македонија, таа древна флека на Светот овој, некои ретардирани личности повторно си играат политичари. Плукаат, ма не - “блуат‟!, по ваа дуња и по се околу нив без обзир, без респект, без почитување, без срам. Плукат врз оставштината на Исус, на стотиците борци кои со визија и идеологија се бореле за опстанок и ослободување на Македонија. До кога бре??? До кога некои заради лечење на сопствените комплекси ќе го ебаваат еден цел народ и нација? Кога тоа место на Светот наречено Македонија ќе тргне барем малку напред?
Да, после секоја дискусија иде она : “ Господ нека ни е на помош‟!
Дај бе човеци и ние да му помогниме малку на Господ. Да му покажиме дека не бил џабе закован на крст.

Во секој случај,
ви посакувам пријатни, спокојни и радосни Велигденски празници

---

01.04.2015

И повторно темнина.

пред некој ден, така “узпат‟, после ногу време гледав некој си каубојски филм.
Не беше каа ниа каубојските филмови шо ги гледаме со Џон Вејн, ама пукаа со пушки и пиштоли. И имаше и црнци, црнци шо биле робови на тогшните богаташи и земјопоседници. И таму еден човек го купува другиот човек (црн) и му вика ако му сврше една работа ќе му поклоне слобода!!! Така и беше, на крајот црнецот беше СЛОБОДЕН, се качи на коњот и одјава ... у СЛОБОДАТА!!!
Филмот ногу повеќе ме замисли некој ден одпосле.
СЛОБОДА ?!?!?
Нас не учеа дека имало човеци шо се бореле за слободата, некои дури загинале за слободата. И така ни беме и сме слободни. Ни не се бореме, никој не ни ја поклонил, ни едноставно се родиме слободни, си беме слободни и сме слободни. Мислиме.
Е тука е сега прашањето, каде се тие човеци шо ја “поседувале‟ слободата на другите? Дали тие едноставно рекле, “е арно, не победите, сега сте слободни‟ ?
Ја не веруам у тоа. Ја не гледам дека некој се одкажува така едноставно од тоа шо го поседува.
Можеби не сме робови и тиа робовладетелите не не тепат со камшик, ама каа ќе те опнат по цепот, на пример, за боја за печатачи, како злато да ти продават - ниту пцуиш, ниту пак знаиш кој да го опцуиш. Или слобода ли го викаш тоа да секој ден мораш да гледаш како некој се кезе на таа кутијата со слика шо свете. Па на пули-очи ти продават “муда за бубреке‟ (шо би рекле нашите приатели од српското говорно подрачие) и одозгора на тоа треба да им веруваш.
Се повеќе сум убеден дека некои “одозгора‟ ни ја кроат “слободата‟ по нивна мерка, се со цел да се осеќаме слободни, а пак само они, тиа шо се “одозгора‟ га ги собират парите од памукот.



А за да стигниш горе, можеби не најгоре ама доволно над некоја си очајна маса, изгледа не треба ногу. Убави зборови, операционо отстранување на поштеноста, срамот, човечноста, неколку потрчковци кои ќе го собираат жарот, ако треба и со голи раци, неколку гласноговорници, или уште поарно с'скачи и ОП! правиш шо сакаш и како сакаш и појак си од сите дури не дојде некој со поголеми операции.
Но за среќа, ја су слободен и слободно смеам да одам на работа секој ден.
А од пред некој ден и по летното рачунање на времето.
Секое утро слободно ставам и се упатувам кон моето работно место и од пред некој ден како шо кажав, пак у темно....
Ама за тоа има лек. ќе почекаме некоја недела,
И ОП, и нас ќе ни осамне вистински....

---

19.03.2015

FotoWERK

Последен зимски викенд и идеја која чекаше со години да се реализира. Подобро неможеше да се потрефе, времето сончево и суво, само еден "ебиветер" ни го растури почетокот. Но временските неприлики беа скоро надминати и изложбата «FotoWERK» почна како планирано.
Основната замисла да изложбата на моите фотографии биде на отворен простор во сепарацијата во која веќе 25 години работам, во голем дел се оствари. Како прва од овој вид и со помош на фамилијата и приятели (Славе, Владимир, Ване) беше направена на ниво. Забелешките и критиките ќе ги искористиме за следната да биде уште подобра.



Од едно 250 фотографии кои беа изложувани на разно разни изложби, одбрав едно 175 и ги спремив за оваа намена.
На 40 метри (должни) надвор и 35 метри "под суво" беа изложени фотографиите кои настанале во последните 10 - 12 години.
Знам секој еден излагач ќе каже - претерано ногу фотографии на едно место. Но освен идејата да се изложат фотографиите на отворен простор, втора цел на целиот овој проект ми беше да направам и резиме на досегашното фотографско "шетање" и да одпочнам со утврдување на мојот фотографски правец за во иднина. Тоа значи дека некои фотографии овде беа изложени за последен пат. Затоа можеби на некои од посетителите на оваа изложба во иднина ќе им фалат некои теми со кои досега сум се занимавал. Но тоа ќе го покаже времето и дали стварно ќе ми се оствраре замислата и самиот да се одкажам од некои теми. Здравје.

Од самата изложба ми останаа само позитивни спомени и да, едно убаво задоволство. Многу посетители, големиот дел од нив познати и сакани човеци, но и заинтересирани за фотографијата. Ногу убави разговори за секоја фотографија. И тука човек ќе виде колку сме сите различни и покрај шо се

правиме исти! Едни ја фалат едната фотографија други за истата викат дека не е ногу успешна, но задоволството беше што секој (барем така кажуваа) си најди свој фаворит.

За оние кои неможеа да дојдат, неколку импресии од целата манифестација:

- фотографии

- видео

- www.foto-gogo.ch

---

06.03.2015

После подолго време повторно "чиста" глава и можност да се посветиме на секојдневието, па било и какво да е. Едните викат "тоа шо не те убива - те праве посилен", други викат "времето лече сé", трети викат пак "сé во свое време", ги има и тиа шо се водат по "на грешките се учe", а ако го видиш бескрајниот интернет - дури тука има ептен филозофии и мудрости. Сето тоа е убаво, ама дури наа старата "100 стапа по туѓ грб - не болат" не ја осетиш ништо од пишаниот збор.

Петок, една недела пред мојата малечка изложба на фотографии која си ја спремав како занимација во овие зимски денови. Очекувањата не се големи, но како се повеќе се ближи денот кога ќе треба да се презентираат тие неколку фотографии се повеќе мислачки. Очекуваната публика, различна како и кругот на пријатели. И сега сакаш на сите да му пружиш барем малку моменти на забава. Но затоа ќе ги оставиме "фотографиите да зборуваат".
Во секој случај ќе направам, се трудам да направам, една работа со која барем малку ќе се одтргниме од секојдневното "бомбардиање" со негативно поларизирани вести. Мислиш Светот полудел, само се тепат, карат и делат памет, а од дрга страна како позитивна вест - силиконот и неговата широка примена. Стварно човек да помисле до кога ваа природа ќе не трпе???

Овие денови најногу размислувам на тема "Поранешна Југословенска Република Македонија". Таму, еден фрла бомби, а они како да се петарди за Нова година - никој не се плаше. Тоа е мојата чудесна земја Македонија. И покрај пишувањата на безбројните експерти и аналитичари, мене уште не ми е јасно, не ми се јасни две работи:
1. Ако виа шо фрла бомби ги фрла незаконски зошто е уште на слобода?
2. Ако бомбите се вистински, шо суштества се тие па се имуни на тие бомби???

Но учени од традицијата и минатото на Поранешна Југословенска Република Македонија, знаеме дека секое чудо, во мојата чудесна земја, е три дена. Ќе помине и ваа ујдурма, и после пак сите ќе си кукаме за глупостите кои ги доживуваме, караваните ќе си одат, кучињата ќе си лаат...



---

18.02.2015

Пред нооогу години, кога човеците не познаваа рецесија, барем у Швајцарија, и не се гледаше да секоја година фирмата дупло повеќе заработе од минатата година, тогаш пред новата година поминуваа безбројни претставници на разноразни фирми и делеа рекламен материјал "со кутлач". После полека почнаа да умираат газдите и фирмите прераснуваа во Акционерски Друштва. Одма учените менаџери почнаа да прават калкулации како да се заработе шо повеќе. Почнаа да намалуваат, персонал, плати, а за рекламниот материјал не ги интересира ништо. Така дојдоме на дереџе да нема ни по еден календар да закачиш во двете-трите канцеларии.

Но бидејќи Македонија е на некое ниво како Европа пред 40 години, си викам календари ќе набавиме од Поранешната Југословенска Република Македонија. Нарачаме и сестрата одма организира 3 - 4 календари, ОД МАКЕДОНИЈА. Календарите стигнаа уште пред Св. Јован. Меѓу календарите имаше и еден со слики од Скопје!




СКОПЈЕ 2015, стое напишано на едниот календар. Супер, си викам, воа е поарно дури и од «Скопје 2014». Го зедов и го прелистав. Се вратив на првата страна. Да СКОПЈЕ 2015 пишува. Уште еднаш го листам. Ништо. Емоции - НУЛА.

Календарот веќе цел месец стое на масата во канцеларијата и незнам шо да почнам со него?
Форматот не е лош, по два месеци на еден лист - чудно малку. Ама фотографиите од некои си згради кои треба Скопје да ми го пренесат ?!?!?
Имаше едена реклама «МАКЕДОНИЈА ВЕЧНА». Одма ми дојде на памет: «Скопје нашминкано».
Сиромашкото Скопје. Еднаш уништено 1963 година, а во почетокот на 21 Век унакажано, од демек, своите деца.

Овие денови а гледаме Македонија поплавена. Уништени плодни полиња, куќи, човечки соништа. Државата за која сметаме дека е наша и дека на некој начин треба да се грижи за своите чеда - хендикепирана.
Еден грст особи, наречени политичари, си играат ПУЧ, ПРИСЛУШКУВАЊЕ, ПЕРЕЊЕ.
И тоа пак! само во Македонија го има! (може ќе ги запишат во Гинисовата книга на рекорди)
Како е можно некој да ја укривува Владата, Премиерот и ред други државни институции и министри за корупција и криминал - и ништо да не се случи???
Прво, ако тоа е така и ако имаат свест сите треба да си ги соберат своите календари од по канцелариите и да си заминат - да ги снема од политичката сцена.
Второ, ако не е така, зошто тиа шо шире лаги е уште на слобода???
Сите си лафат и си лаат, а поплавените го наплаќаат својот данок.

Ама ете тоа е реалноста. Или да речиме еволуцијата. Еден, од тиа паметните, некогаш кажал: "Сé се движе, сé се менува". Изгледа времето го носи своето, ете тука у Швајцаријата да човеците се по алчни и по алчни стануваат, у Македонијата да прават "стари" куќи...

Во секој случај јас се повеќе и повеќе сум збунет. Од една страна, тоа што беше Македонија, како јас ја знаев и сакам, полека но сигурно пропаѓа - или прераснува во нешто непознато, не блиско. А од друга страна и воа швајцарското не ме бендисува.

---

05.02.2015

Пред ногу години, кога уште имав надеж и убедување дека од Македонијата Македонците ќе направат држава, имав желба да нешто инвестирам и да како човек се вратам, живеам и работам во родната земја. Но благодарејќи на еден мој другар, на кој до ден денеска сум му благодарем за тој совет, ете денеска си седам тука на работното место, и чекам да дојд 5 саатот па да си одам дома. Да дома, јас си имам две доми, а полека и две татковини.
У тоа време, неколку години по осамосталувањето и исто толку години како јас бев разделен од Македонијата, другарот ми рече: "Седи си мирен, виа в'ци тука едвај чекат некое зајче каа тебе да го заколат".
Во меѓувреме, ногу в'ци се измењаа, колку зајци исклале они си знаат, а колку овци стрижат тоа се гледа секојдневно.
В'ците сé си имат под контрола и секој шо сака да се одвое од стадото за стрижење одма ко колат.
И така в'ците си колат, кучињата си лаат и таму некаде во срцето на Балканот 20 години се валкат работите како и секогаш во минатите векови се валкат, па се превраќат, па па се валкат...



Веќе со денови, по неолку саати во денот си седам во канцеларијата, си гледам како си врне снегот и лутам по интернетот. Мене ми е одамна јасно дека јас немам некои посебни идоли. Еве не ми текнува да барам некоја песна по јутубето или слично и да ја ставам на "ѕидот" и демек ете се сеќавам на некои времиња - ногу ме потрефи!!!
Читам, гледам по интернетот и ми се створува осеќај како да секој у таа земја, која го носи името Поранешна Југословенска Република Македонија, е не задоволен од општата ситуација во државата. Дали е тоа од економски, стопански, културен, здраствен вид - ништо не чине.
И сега си викаш, па може и така е. Стварно ништо не чине. Ама после па си викаш, нели демек демократија, свесни човеци, шо не се бунат ако не е нешто како шо треба. Да сега одма некој ќе рече, се бунат човеците, ама власта не ги слуша!!!

И така некои се бунат, никој не ги слуша. Некои се жалат оти ги труат и се труат у зимото, никој мува не го лазе. Илјадници млади "знаењето е сила, знаењето е моќ" ја напуштат државата, кур не го боле никој.

Ама таа е. Ете таман при крај "Скопје 2014" пари се истрошија и колку шо требе и колку шо се нема, и си викаш, ајде сега ќе се концнтрират на работа. ТИКВИ! Ете ги со нова афера - државен удар - ПУЧ! И на крајот кој? пак народот напучен.

не дека воа ја шо го пишам некој ќе го прочита, уште помалку дека ќе смене нешто, ама ете, ќе си биде запишано моето мислење за неделите 5 и 6 во лето Господово 2015то

---

22.01.2015

Телевизор у боја.

Еве скоро недела си терам пости. Не ние Велигденски или такви пости, туку мои лични пости. Сега право да кажам и не се одкажав скрос за најногу, нели и во верските пости пак јадиш зеленило. Постите мои се сведени на ограничено користење на интернетот. Пробувам, ама не се бега. Гледам дека веќе животот ни е ептен зависен од воа кутиите со слико.
Од друга страна и традицијата ни се менува, па мора постите да ги прилагодиме - мислам. Да традицијата се менува, приморана од медиумите од секаков вид, се прилагодуваат традициите кои после долги години повторно стануваат традиции. Еве на пример фрлањето на крстот во некои води.



Моето детство помина идилично во црквинското маало, поточно у зграите под Тиквеш. И бидејќи и црквата беше наша територија за играење, имавме можност и

прилики да присуствуваме на сите собрании во и околу црквата. Најногу се сеќавам на Велигденските празници. Тогаш баба ќе не фане под рака и право у црквата - да се издутниме трипати под масата. Од таму ќе се земеа вапцани јајца и одма дома на бањање си тиа "осветени" јајца. Знам само дека немаше гужви и редици. А клисарот, кој ни беше и комшија, беше одговорен "мајстор на церемониите" - он не управаше како и шо да правиме. Исто така се сеќавам на ноќното вртење околу црквата. Не оти сме знаеле оти тоа се праве, ама интересно ни беше - можеме до никое време ноќеска да не се прибериме дома. (тоа обично беше до 12 и пол по полноќ)
И толку, толку се сеќавам на црквата и црковните обичаи. Да и воа за Водици го имаме видено, како у базенчето пред црквата попот нешто кажуваше и после ќе го фрле крстот - и некој од тиа труица-четворица ќе го извадеа и беа срекни - телевизор но во црна бела боја немаше, не па ЛЕД. Ама уште у тоа време слушаме од постарите у маалто како у Ресава и Бегниште имало Василичари, да за празникот Василица се преправале и оделе по селото. А поимот "Џаламар" го користеа нашите родители каа ќе не видат фиросани од нашите авантуристички походи по "Ѓермански рид". Да после разбраме дека Џаламарите се у ствари "Василичарите" ама оти се преправат со крпи и крзна и нас не викале џаламари каа беме цели со кал од глава до пета и со некоја штотуко скината маица која се скинала од качувањата по ѕенѕерите на Ѓермански рид.



Сега гледам по медиумте, во збор и слика, дека ептен интересни се традициите. Повеќето медиуми од Скопје (2014) ги нарекува бегнивци и ресавци "ЏОЛОМАРИ", по крстот се фрлаат десетици човеци (незнам дали се верници и дали знаат зошто се фрлаат) со цел да го фанат крстот и после градоначалникот да ги награди со "ТЕЛЕВИЗОР ВО БОЈА", и сето тоа се снима со сите орудија и оружија за да покасно се "закаче" на фацебукот или да се покаже на некои видео портал.

И не само тоа, пред некој месец тераме свадба, а пред некој ден гледав и друга свадба - на ДИВИДИ! и шо ќе забележе човек? И таму е забегана работата, повеќе се обраќа внимание на мидиумската презентација одколку на самиот чин свадба. Ни бунгур терат, ни с'ндци разносуат, а за понеделник да не праиме муабет - тоа никако. Оти ако те видат како со кола "накитена" со заклани кокошки шеташ по селото - одма ќе се запрепастат сите од органзации за "заштита на животните" до CNN (исто каа за карневалот у Вевчани)

Најважно е да се сликаш и се "закачиш" на интернетот, па покрај сите ударни вести од целиот свет во стилот
- "Франција ја цени поддршката од Македонија"
- "Балотели е милион пати подобар во кревет од Ешли Кол"
- "Некои штрајкуваат за нешто"
- "Други штрајкуваат против тие што штрајкуваат за нешто"
- "подршка на Македонија за евроинтеграциите од Албанија"
може и твојата слика некој ќе ја виде па да се осеќаш белосветски...

---

05.01.2015

Копај нов, ама не плукај во стариот бунар!

Ете почна најновата година. Желбите за среќна и поубава од последната уште сабајлето пропаднаа. И ако само 2 степени под нулата шофершајбната на колата беше замрзната каа да е минус 47 степени, па едно 10 минути здраво гребење бараше. Патот до фирмата, ист како и секое утро. Ама возила, за разлика од петокот - 63874% повеќе. По пристигнувањето на работното место, повторно разочарување.
Во петокот 6 саати интензивно собираме снег за да биде прооден ареалот на фирмата, и сега гледаме - СНЕГ НЕМА! Нетња у саботата тиа "Александар" на замин од тука сé растопил!




Јас не сум ногу гледач на Македонската Телевизија, поготово на воа шо го пуштат по сателит. Тоа не само шо е жално, и срамно е. Прво ги сокинаа тиа касетите од репрезирање на репрезираните репризи. А второ ептен на "розово" ударат бре да а.. Или се фалат како а смениле сијалицата на некоја улица, или некој вратоврскач расправа некоја си теорија или влаата се труде да ни го среде животот. Демек не јади месо, јади риба и зеленчук, прави трето дете, оди на факултет, полагај покрај факултетот...
Абе човеци нели НОВА ГОДИНА, дајте нешто НОВО!!!!
До душа, Премиерот на Поранешната Југословенска Република Македонија ни одржа говор, Новогодишен, со кој убаво ни раскажа како е и како ќе биде, ама брату, 25 минути!!!
Ете поради разни околности и влијаниа, живеам и работам во Швајцарија. Ја гледав и Г-ѓата Самаруга, Претседател на Швајцарската Конфедерација и она жената својот Новогодишен говор го одржа - на пазарот во Берн застаната меѓу тезгите со пресни производи, без никакво обезбедување, без никој да и смета во нејзинот петминутно обраќање до нацијата. Не кажа ногу, не кажа колку километри патишта направиле, колку инвеститори дошле или си отишле од Швајцаријата. Не кажа како треба да учат децата или како и колку да јадме месо. Тоа сето или е кажано или се знае или има кој да го каже. Само ни посака на сите во Швајцарија добро здравје, меѓусебно разбирање и да не се заборават човечките вредости.
На швајцарската телевизија во овие денови освен празнични емисии и пригодни филмови не видоме ни еден од СЕДУМТЕ!!! министри на швајцарија да деле пакети или да оде по разноразни домови и да изиграва Дедо Мраз (или некој кловн) за да му се дигне - статусот.

2015. Конечно дојде. Се надевам дека проектот "Скопје 2014" ќе се подзабораве малку, да завршe нема теорија! Не затоа шо не е допревен - ако го остават така ќе биде дури поавтентичен, ама некако имам страв дека извезни органи во државата уште ги немат искажано сите свои замисли.
Една стара наша вика "Копај нов, ама не плукај во стариот бунар!"
Е ваа, ваа му е заборавена на ногу наши "водачи и претставници на народот". Никако да фанат нов бунар да ископат, сé тиа истите, старите бунари или ги раскопуваат или ги докопуваат. А ако направат нов, го прават да изгледа стар постар и од старите ние шо ги знаиме.

Моите желби до Најновата година:
- Господ да ни даде здравје и радост на сите човеци
- Човеците да не престанат во остварување на своите соништа
- Господ да им даде малку човечност и на политичарите (и на тиа шо само изиграват политичари)
- Да насабајле не ми замрзнува шофершајбната на колата
- На Македонската телевзија да им се расипе видеото на тоа шо ги вртат ниа старите снимки

и други желби имам, ама нека ги тие за покасно. И да, ќе одам да плукнам у езерото.

---

01.01.2015, 12:12

Среќна Нова 2015 година.
Многу здравје, радост, мир и успеси во Новата година на сите човеци

Новата година е самно неколку саати стара, а јас уште помалку саати буден.
Да се расониме па може да се почне со активностите...